РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА КУЛТУРА
-ДОМ НА МЛАДИ
Бр. 0307-160/2
12.09 2022 год.
ШТИП

Здружение за заштита на работничките права
ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ - Штип
Бр. 06/1
09.09 2022 год.

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

*септември 2022 година во **Штип***

Склучен помеѓу:

1. **Општинска установа за култура Дом на млади-Штип, (ОУК Дом на млади)** улица Партизанска број 27, ЕДБ 4029981112132, застапувано од лицето Видан Лазарев, директор, во натамошниот текст **Дом на млади** и

2. **Здружение за заштита на работничките права Гласен Текстилец** , улица Пролетерска број 42, ЕДБ 4029017519525, застапувано од лицето Кристина Ампева, Претседателка Здружение за заштита на работничките права Гласен Текстилец – Штип , во натамошниот текст **Гласен Текстилец**

## ПРЕДМЕТ НА МЕМОРАНДУМОТ

### Член 1

Предмет на овој Меморандум е заедничка согласност за соработка помеѓу Гласен Текстилец и Дом на млади за соработка на заеднички активности во рамки на годишните планови за работа.

Дом на млади и Гласен Текстилец во периодот кој следи ќе бидат посветени на заедничка соработка и тоа конкретно на:

- иницирање заеднички активности и соработка од областа на човековите права, младите и културата во град Штип

- поголема вклученост и иницирање за заеднички проекти кои произлегуваат од потребите за зајакнување и унапредување човековите права, културата и младинските организации

- можност за воспоставување редовна комуникација и учество на трибини, конференции, семинари, културни активности и аплицирање на проекти од заеднички интерес на Гласен Текстилец и Дом на млади.

- промоција културата во Штип, младинските политики, потребата од вложување во младите, културата и уметноста и заедничко дејствување и учество во подготовка на проекти, документи на Општина Штип кои се области од интерес на двете организации .

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ

### Член 2

Планираните активности и соработка ќе се реализираат во периодот 1 септември 2022 – 1 септември 2024 година, а се во согласност со стратешките цели и стратешките планови на двете организации.

**ОБВРСКИ НА ОУК ДОМ НА МЛАДИ И ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЧКИТЕ ПРАВА ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ - ШТИП**

**Член 3**

Дом на млади и Гласен Текстилец се обврзуваат да иницираат повремена координација за своето работење како и заедничка поддршка за непречено, навремено и ефикасно спроведување на своите активности во согласност со стратешките цели и стратешките планови на двете организации.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 4**

Правата и обврските на секоја од договорените страни не можат да бидат пренесени на трето лице, без претходна писмена согласност од другата страна.

**Член 5**

Овој Меморандум за соработка може да се менува и дополнува само со склучување на Анекс потпишан од двете договорени страни.

**Член 6**

Овој Меморандум за соработка влегува во сила на денот на потпишувањето и важи до завршувањето и исполнувањето на обврските на секоја договорена страна.

**Член 7**

Страните се согласни спогодбено да ги решаваат евентуалните спорови коишто би можеле да произлезат од реализацијата на овој Меморандум за соработка.

**Член 8**

Меморандумот за соработка е склучен во два еднообразни примероци, по еден за секоја договорена страна.

**Директор на ОУК Дом на млади**
**Видан Лазарев**

---------------------------------------------------

**Претседателка на ЗЗРП Гласен Текстилец**
**Кристина Ампева**

---------------------------------------------------

Датум: **09.09.2022 година**